Прирачник за новинари
за претстојниот попис
во Република Северна
Македонија

# ПОПИСОТ КАКО НОВИНАРСКА ТЕМА

МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА
ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА
... има решение!

**Издавач:** Македонска платформа против сиромаштијата (МППС)
www.mpps.org.mk

**Автор:** Јасна Бачовска Недиќ,
Редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ

**Лектура:** Виолета Ристеска

**Дизајн и техничка обработка:** МувДизајн (MOVEdesign)

Подготовката и печатењето на оваа публикација се овозможени од страна на Фондот за население на обединетите нации (УНФПА) како дел од проектот „Зајакнување на националниот капацитет за собирање, анализа, дисеминација и употреба на популационите податоци, за информиран развој на политиките и идентификување на социјалните и економските нееднаквости“.

Ставовите изнесени во оваа публикација се на авторите и не мора да ги претставуваат ставовите не УНФПА, на ОН или на која било организација поврзана со нив.

При употреба на податоците, молиме да се наведе изворот: „Пописот како новинарска тема, Прирачник за новинари за претстојниот попис во Република Северна Македонија“, МППС, декември 2019

МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА
ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА

# СОДРЖИНА


**ОПШТЕСТВЕНО-ОДГОВОРНО НОВИНАРСТВО ВО СЛЕДЕЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ....3**

**ЗОШТО ПОПИС? ....5**

**ПОПИСОТ КАКО КРИТЕРИУМ ЗА ЕУ ....9**

**ПОПИСОТ И ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ (SDGs–Sustainable Development Goals) .... 11**

**ШТО Е ПОПИС? ....13**

**КАКОВ ПОПИС ЌЕ СЕ СПРОВЕДУВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА? .... 16**

**ПОПИСОТ КАКО НОВИНАРСКА ТЕМА .... 19**

**ЕТИЧКАТА ПРИПАДНОСТ КАКО ПРАШАЊЕ НА ПОПИСОТ .... 21**

**НАЦИОНАЛНА РЕГУЛАТИВА ....23**

**НАЦИОНАЛНА СТАТИСТИЧКА АГЕНЦИЈА: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА (ДЗС) ....32**

Стратегиска комуникација на ДЗС со јавноста за време на пописот ....33

**НОВИНАРОТ СО КОНТРОЛНО - ИСТРАЖУВАЧКИ ПРИСТАП КОН ПОПИСОТ ....37**

**ХИЕАРХИЈА НА КОМПЕТЕНТНОСТ Кого да интевјуирам? .... 43**

**МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ПОПИС ....47**

UN - Улогата на Обединетите нации ....47
UNSD - Статистички оддел на Обединетите нации ....47
UNFPA – Фонд за население на Обединетите нации ....49
USCB - Бирото за попис на населението на САД ....49
ICCC -Меѓународниот комитет за координација на попис ....50
Еуростат ....51

**ПОПИСОТ, ПРЕЦИЗНОТО И НОВИНАРСТВОТО ШТО НУДИ РЕШЕНИЈА (solution journalism) ....53**

Solution journalism ....53

ОДГОВОРНО НОВИНАРСТВО
ПОПИС
ОБЈЕКТИВНО
АНАЛИТИЧКО
БИЗНИС
НАУКА
ГРАЃАНИ
ИНФОРМАЦИИ
ДЕМОКРАТСКИ
ПРИНЦИПИ
ПРЕПОРАКИ
ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
СТАТИСТИЧКИТЕ ПОДАТОЦИ
ИДНИТЕ ПРОЕКЦИ



## ОПШТЕСТВЕНО-ОДГОВОРНО НОВИНАРСТВО ВО СЛЕДЕЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во Република Северна Македонија, по Втората светска војна се спроведени 8 пописи на населението, и тоа: во 1948, 1953, 1961, 1971, 1981, 1991, 1994 и во 2002 година, како и нереализираниот, т.е прекинат попис во 2011 година. Сите пописи се спроведени со примена на традиционалниот начин на попишување, преку интервју од страна на обучени попишувачи на хартиени пописни прашалници.

После 17 години од последниот одржан попис кај нас сѐ уште важи една констатација за пописите во нашава држава која е искажана на научниот собир во МАНУ што се одржа по повод пописот спроведен во 2002 година, имено:

*„Востановена е практиката пописите кај нас од рутински статистички акции да добиваат карактер на политички актуелни настани.*
*Тие стануваат преокупација на медиумите, на политичките партии и групации, на јавното мнение, но и како настани што ја интересираат и интригираат меѓународната јавност (мониторинзите). Таквите појави создаваат разни необјективни оцени ако претходно не се резултат на истражувачки напори. Се сеат произволности, се создаваат меѓуетнички тензии, шпекулации и забуни во меѓународниот информациски систем и политички заблуди со појави на конфликти во државава.“*[1]

Дека пописите се политизираат говори и фактот што одредени етнички групи го бојкотираа пописот, каков што е примерот со пописот на населението во 1991 година, а Општина Дебар - во 1994 година. Преку новинарски опсервации на пописот како најмасовна статистичка акција, новинарството може да стане активен општествен чинител и демократски фактор преку промоција на новинарот/новинарството како адвокат на социјално запоставените групи, новинар-истражувач, новинар кој е врска помеѓу граѓанството и власта, новинар-педагог, новинар-извидник и новинар со прецизно новинарство кое се доближува до научната точност и аргументација. Во случајот кога се спроведува попис, новинарството треба да стане брана против злоупотреба на статистиката од страна на политичките

1 **Актуелни демографски движења во Република Македонија во светлоста на резултатите од пописот на населението во 2002, Прилози од научниот собир одржан на 2 и 3 јуни 2005, МАНУ, Скопје 2007, стр.18.**


МПС
EAPN
МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА
MACEDONIAN ANTI-POVERTY PLATFORM
МП
ПС

фактори, власта, со негување на објективното, аналитичкото и критичкото следење на процесот.
За Државниот завод за статистика како национален координатор на статистичкиот систем во земјата секако дека еден од стратешките приоритети е навремена и ефикасна подготовка, организација и спроведување на пописот на населението, домаќинствата и становите. Немањето пописни податоци со понов датум, поради фактот дека пописот во 2011 година беше прекинат и не се реализира, со секоја изминатата година има директно влијание врз статистичката продукција на податоците.

## ЗОШТО ПОПИС?

Со пописот на населението се обезбедуваат податоци за бројот на населението и за неговата територијална разместеност, како и за неговата структура според демографските, географските, економските и социјалните белези.
Со пописот на домаќинствата се обезбедуваат податоци за бројот на домаќинствата и за нивната територијална разместеност, како и податоци за структурата на домаќинствата според нивната големина, типот и семејниот состав.
Со пописот на живеалиштата се обезбедуваат податоци за бројот на живеалиштата според видот и нивната територијална разместеност, а за становите (во градежна смисла) се обезбедуваат и податоци за нивната големина, опременоста со инсталации и помошни простории.
Пописот претставува примарен извор за добивање на демографски, географски, образовни и на социоекономски податоци за населението во една држава.
Со следниот попис на населението, домаќинствата и становите ќе се обезбедат податоци за вкупниот број и за територијалната разместеност на основните единици на пописот (лицата, домаќинствата и становите), како и податоци за нивните главни карактеристики и обележја и ќе се утврдат промените што настанале во периодот од спроведувањето на последниот попис на населението, домаќинствата и становите во 2002 година.
Според тоа, основната цел на пописот е да се утврди бројот на населението и неговиот територијален распоред, да се добијат податоци за виталните, етничките, образовните, економските, миграциските и другите белези на населението. Пописот е основа за процена на бројот и на движењето на населението во меѓупописниот период, како и за долгорочни проекции на бројот на населението во иднина.
Бидејќи освен попис на населението се спроведува и попис на домаќинствата истовремено, пописот има за цел добивање податоци за домаќинствата и семејствата не само како за основни економски заедници (нивната структура според бројот на членовите, бројот на активни, односно издржувани лица, извори на приходи), туку и како за биолошки заедници и за промените во бројот и структурата на семејствата и нивните главни карактеристики и обележја.
Целта на пописот на становите е да се добијат податоци за структурата на станбениот фонд, т.е. да се утврди бројот на становите и да се добијат податоци за

нивната искористеност, површината, бројот на соби, опременоста со помошни простории (кујна, санитарни простории), опременоста со електрични инсталации, водовод и централно греење, потоа нивната година на изградба, катноста и друго. Од пописот треба да се добијат и податоци за ненаселените станови, како и за становите што се користат за одмор и рекреација (викендички и семејни куќи).
Со пописот што следува, споредбено со претходните пописи во 2002 и 2011 година, ќе се прибираат податоци и за лицата отсутни во странство повеќе од 1 година со цел да се добијат порелевантни податоци и за бројот на отселените лица од државата.
Исто така, со следниот попис ќе се прибираат и податоци за лицата со попреченост, т.е. за општата здравствена состојба на лицата единици на попис. Целта на вклучувањето на оваа група прашања е од страна на пописот да се обезбедат податоци за бројот на лицата со посебни потреби, кои поради својата општа здравствена состојба имаат тешкотии во извршувањето на секојдневните активности, според видот и нивната територијална разместеност, а кои во иднина ќе послужат како статистичка рамка за примерочни истражувања за лицата со ваков вид тешкотии.
Значи, од пописот ќе се обезбедат целосни, квалитетни, ажурни и меѓународно споредливи статистички податоци за населението, домаќинствата и становите за задоволување на националните и меѓународните потреби на корисниците.

Преку Пописот (статистиката) може да даде одговор на многу прашања. Колку сме? Каква е нашата образовна стуктура? Дали невработеноста оди нагоре или надолу? Колку жени/мажи се вработени, според занимањето (што работат) и во кои дејности? Кои се перформансите на економијата во земјата споредено со другите земји-членки на Европската унија? [2]
Демократските општества не можат да функционираат правилно без солидна база на сигурна и објективна статистика. Пописот гарантира демократска, правична и одржлива политика.

### Пописот им е потребен на креаторите на политиките во:

- *Деловниот (бизнис) сектор:* врз основа на овие податоци може да се донесуваат одлуки за инвестициите, развојот, работната сила;
- *Државата (владата) и другите јавни институции:* на пример, за креирање на популационата политика и другите социјални политики;
- *Науката:* податоци за истражувања, проекции за одредени состојби, научни трудови, итн.;
- *На граѓаните:* со цел да бидат информирани и да донесуваат информирани одлуки, т.е. за потребите на информираното учество во јавните работи, како и градење на партиципативна политичка култура.

2 https://ec.europa.eu/eurostat/about/overview

## СПОРЕД ПРИНЦИПИТЕ И ПРЕПОРАКИТЕ НА ОН ЗА ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО И ДОМУВАЊЕТО, НЕКОИ ОД ОСНОВНИТЕ УЛОГИ НА ПОПИСОТ СЕ НАВЕДЕНИ ВО ПРОДОЛЖЕНИЕ.

### ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Резултатите од пописот се користат како критична референца заради обезбедување еднаквост во распределбата на богатството, државните служби и застапеноста на национално ниво: дистрибуција и распределба на владините средства помеѓу различни региони и области за образованието, здравствените услуги, разграничување на изборните единици на национално и локално ниво, како и мерење на влијанието на индустрискиот развој. Воспоставувањето јавен консензус за приоритетите би било речиси невозможно да се постигне ако не е изграден на точки на пописот. Голем број други корисници, вклучувајќи го и корпоративниот сектор, академскиот, граѓанското општество и поединците, ги користат резултатите од пописот.

### РАМКА ЗА ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

Пописот има суштинска улога во националниот статистички систем. Статистичките податоци од пописот се користат за статистичка компилација или како рамка за земање примероци за анкети на примерок. Без рамката за земање примероци и реперите за население, кои произлегуваат од пописот на населението и домувањето, националниот статистички систем ќе се соочи со тешкотии во обезбедувањето на сигурни официјални статистички податоци за употреба од страна на владата и пошироката јавност.

### ПРОЦЕНКА НА МАЛА ПОВРШИНА

Основна карактеристика на пописот е да се генерираат статистики за малите области и малите групи население со/без минимални грешки при земање примероци. Додека статистиките за малите области се корисни на свој начин, тие се важни и затоа што можат да се користат за производство на статистики за која било географска единица со произволни граници.

### РЕПЕР:

Резултатите од пописот се користат заради истражување и анализа. Проекциите за населението се еден од најважните аналитички резултати врз основа на податоците од пописот; идните проекции за населението се клучни за сите сегменти од јавниот и приватниот сектор.


UNFPA

Предноста на пописот споредбено со преостанатите статистички истражувања е во опфатот до најмалата географска единица на една земја или регион. На „креаторите на политиките“ им се потребни овие информации за сите видови развојни активности, вклучувајќи:

- Процена на демографските трендови;
- Анализа на социоекономските услови;
- Изработка на стратегии заради намалување на сиромаштијата базирани на докази;
- Следење и оценување на ефективноста на политиките; и
- Следење на напредокот кон националните и меѓународно договорените развојни цели.

Информациите, исто така, помагаат да се подигне свеста за прашањата на населението меѓу владините носители на одлуки и јавноста во целост. Дополнително, националниот попис често е единствениот извор на информации заради идентификување облици на социјална, демографска или економска исклученост. Пописот обезбедува податоци за регионалниот развој и за ранливите групи, како што се: сиромашните, младите, старите, лицата што живеат со посебни потреби, жените и девојките.

## ПОПИСОТ КАКО КРИТЕРИУМ ЗА ЕУ

Земјите-членки на ЕУ се обврзани со Рамковната регулатива на Парламентот и Советот и три регулативи на Комисијата од 2017 година. На глобално ниво, 40% од сите индикатори за мерење на напредокот кон 17-те цели за одржлив развој од Агендата 2030[3] зависат од податоците од пописот. Методологијата и темите на пописот се дефинирани од страна на меѓународните статистички тела и се рефлектираат и во законодавството на ЕУ. Програмата за попис на населението и домаќинствата во 2020 година е координирана од страна на Статистичката комисија на Обединетите нации[4] и Конференцијата на европски статистичари на UNECE[5]. Принципите и препораките за 2020 година беа одобрени уште во 2015 година.

3 www.un.org/en/development/desa/population/migration/generalassembly/docs/globalcompact/A_RES_70_1_E.pdf?fbclid=IwAR1u_iWiEQNdonb7sz8C0ZfwDF_EKY1ldAd10bdWPslvBMnHLbKwEkYn3Sk
4 https://unstats.un.org/unsd/statcom/
5 https://www.unece.org/info/ece-homepage.html

ОДРЖЛИВИВ РАЗВОЈ
ИДНИ ГЕНЕРАЦИИ
ЧОВЕЧКИТЕ ПОТРЕБИ
ИНСТИТУЦИОНАЛНИ
ПРОМЕНИ
ТЕХНИЧКАТА ПОДГОТОВКА
ПОПИСНА ОПЕРАЦИЈА
ИНДИВИДУАЛНО
НАБРОЈУВАЊЕ
УНИВЕРЗАЛЕН ОПСЕГ
РЕФЕРЕНТЕН ПЕРИОД
ДЕФИНИРАНА ПЕРИОДИЧНОСТ
КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА
НАСЕЛЕНИЕТО



## ПОПИСОТ И ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ (SDGs - Sustainable Development Goals)[6]

Светската комисија за животна средина и развој (позната како Brutland[7] комисија) го дефинира одрживиот развој како: „развој што ги задоволува потребите на сегашните генерации, без да ја загрози можноста на идните генерации да ги задоволат своите потреби“. Оваа дефиниција ги поткрепува гледиштата за одржлив развој на Република Северна Македонија и сумира голем број мисли и визии. Дефиницијата понатаму вели: „Во суштина, одржливиот развој е процес на промени во којшто користењето на ресурсите, насочувањето на инвестициите, ориентацијата на техничкиот развој и институционалните промени се во хармонија и ги зголемуваат како сегашните, така и идните потенцијали, сè со цел да се задоволат човековите потреби и аспирации“. Одржливиот развој вклучува три взаемно зависни и испреплетени димензии:

- Економска димензија (економските ресурси, развојот и растот);
- Димензија на животната средина (природните ресурси, заштита и одржливо користење на природата, превенција и борба против загадувањето);
- Социјална димензија (социјалните ресурси, солидарност и борба против сиромаштијата).[8]

Овие димензии се поврзани со населението/популацијата, поточно 40% од индикаторите за SDG одржливиот развој се врзани за населението.

Целите на одржливиот развој, договорени од страна на ОН во 2015 година[9], претставуваат значаен и основен предизвик за глобалната развојна заедница и ќе ја обликуваат глобалната агенда за развој во периодот до 2030 година. Имено, 17-те цели, со нивните поврзани 169 цели и повеќе од 230 уникатни показатели, се многу амбициозни и за нивното исполнување ќе бидат потребни големи напори од страна на нациите, владите, граѓанските организации, како и од страна на општото население.

Постигнувањето на одржливиот развој до 2030 година исто така ќе бара напредокот кон исполнување на целите да се следи редовно, што пак за возврат ќе прикаже значителни предизвици со податоци кои бараат итно внимание на глобалната заедница за податоци. Додека целите на

6 http://unsdsn.org/resources/publications/monitoring-the-sdgs-by-means-of-the-census/
7 https://idl-bnc-idrc.dspacedirect.org/handle/10625/53401
8 Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија Дел I/II (2009-2030), http://www.macefdrr.gov.mk/files/dokumenti/NSSD.pdf
9 https://www.sustainabledevelopment2015.org/AdvocacyToolkit/index.php/earth-summit-history/past-earth-summits/58-the-brundtland-commission


UNFPA

одржливиот развој ги покриваат сите области на развој, вклучувајќи го и ублажувањето на климатските промени и се движат кон поодржлив екосистем, податоците поврзани со населението ќе играат многу важна улога во оценувањето на нашиот напредок кон исполнување на целите: во официјалната листа на индикатори дури 97 (или 40 проценти) имаат елемент поврзан со популацијата.

## ШТО Е ПОПИС?

Пописот на неселението, домаќинствата и становите е дефиниран како статистичка операција со која  во редовни врменски интервали (најчесто на десет години) се врши официјално пребројување на населението на територијата на земјата - од  нејзините најмали географски територјални единици до ниво на држава, заедно со дефинираните демографски и социјални и економски карактеристики на вкупното население.

Втората најчесто применувана дефиниција е дека пописот на населението, домаќинствата и становите претставува процес на прибирање, обработка, оцена, анализа и дисеминација на податоци за населението, домаќинствата и становите во една држава (или на точно дефинирана територија) во определен временски интервал.

Вообичаено е пописите да се спроведуваат на секои 10 години, и тоа во годините што завршуваат на 0 или единица.

Современите пописи се важен статистички извор за:

- прибирање на индивидуални податоци за населението, домаќинствата и становите  од најниско географско ниво до ниво на држава; и притоа,
- претставуваат значајна основа за современо одлучување и управување на сите нивоа;
- обезбедуваат голем фонд на релевантни статистички податоци неопходни за анализа на состојбите и идните макроекономски планирања на развојот на земјата;
- обезбедуваат континуитет и споредливост со резултатите од претходните пописи;
- претставуваат наследство кое треба да го обезбедиме за сегашните и идните генерации.

Пописот или пописите воопшто (бидејќи сите држави ги прават) даваат целосна слика и создаваат рамка за податоците за населението на земјата, нејзините домаќинства и условите за живеење.

Податоците од пописот се споредливи на сите географски нивоа бидејќи се собираат во еден референтен период и на усогласен начин.

Техничката подготовка и спроведувањето на пописната операција се одговорност на националните статистички канцеларии и мора да се поддржани од страна на другите владини тела.



## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОПИСОТ: СТАНДАРДИ СПОРЕД ОН

СУШТИНСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО И ДОМУВАЊЕТО СЕ: ПОЕДИНЕЧНО БРОЕЊЕ, УНИВЕРЗАЛНОСТ ВО РАМКИТЕ НА ДЕФИНИРАНА ТЕРИТОРИЈА, ИСТОВРЕМЕНОСТ, ДЕФИНИРАНА ПЕРИОДИЧНОСТ И СТАТИСТИКА ЗА МАЛИ ПОВРШИНИ.

### 1 Индивидуално набројување

Секој поединец и секој сет живеалишта се набројуваат одделно и дека карактеристиките таму се одделно евидентирани.

### 2 Универзалност на одредена територија

Пописот опфаќа прецизно дефинирана територија и треба да се опфати секое лице кое е присутно и/или престојува на одредена територија. Универзалниот опсег на пописот, односно обидот да бидат наброени сите луѓе во одредена област во одреден временски период, исто така значи дека пописот често е единствениот потенцијално веродостоен извор на информации за малцинските популации, за оние на кои постои ризик да бидат оставени зад себе, како и обезбедување податоци за ретки или тешко мерливи настани, како што се: миграцијата и морталитетот.

### 3 Истовременост

Секое лице и секој сет живеалишта треба да се набројат во точно одреден момент, а собраните податоци треба да се однесуваат на добро дефиниран референтен период.



## 4 Дефинирана периодичност

Пописите треба да се земаат во редовни интервали за да се направат споредливи информации во одредена низа. Се препорачува да се спроведе национален попис на секои 10 години. Пописните резултати треба да се споредливи на меѓународно ниво. Затоа, земјите треба да вложат напори да спроведат попис во годините што завршуваат со “0” или во исто време, колку што е можно поблиску до тие години.

## 5 Капацитет за производство на статистики за мали површини

Пописот треба да произведе податоци за бројот и карактеристиките на населението и станбени единици до најниско соодветно географско ниво, компатибилно со националната околина и за малите групи население, додека истовремено се штити доверливоста на личните информации за секој поединец. Обединетите нации препорачуваат да се прави попис на населението на секои 10 години. Препораките на Обединетите нации, исто така, ги опфаќаат податоците на пописот што треба да се соберат, официјални дефиниции, класификации и други корисни информации за координирање на меѓународната практика. Обединетите нации препорачуваат сите земји или области во светот да продуцираат детални статистики за населението и домувањето за мали домени најмалку еднаш во периодот од 2015-2024 година, околу 2020 година.

Пописите спроведени со помош на попишување на теренот не мора да следат заеднички модел меѓу различните земји, но тие имаат одредени главни заеднички елементи. Општо земено, операциите на пописот може да се поделат на неколку фази кои не се сосема различни хронолошки или меѓусебно да се исклучуваат. Тие се:

1. Вклучување на засегнатите страни;
2. Подготвителна работа (вклучително и легислатива, тестирање и аутсорсинг);
3. Броење;
4. Обработка на податоци;
5. Обезбедување на квалитет на податоци пред неговото ширење;
6. Дисеминација на резултатите;
7. Евалуација на покриеноста и квалитетот на податоците; и
8. Анализа на резултатите.



## КАКОВ ПОПИС ЌЕ СЕ СПРОВЕДУВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА?

Постојат три начина на спроведување попис: традиционален попис, попис базиран на регистри, комбиниран попис.

*Традиционалните пописи* можат да се реализираат на два начина или методи за броење (алтернативно): првиот начин е тогаш кога попишувачите ги собираат информациите од домаќинствата преку интервју и пополнување на пописните формулари; вториот начин е тогаш кога обрасците се пополнуваат од страна на членовите на домаќинството (самопроцена), при што обрасците се доставуваат до домаќинствата и се собираат од страна на попишувачите или по пошта.

Втората методологија за попис е *пописот базиран на регистри.* Изграден е околу група основни регистри што содржат сеопфатни податоци за единиците кои треба да се опишат во пописот на населението и домувањето. Најчесто користени регистри се: регистар на населението, регистар на зградите и живеалиштата, деловните книги, регистри за социјалната сигурност и образовните регистри.

Третиот пристап *е комбинираниот попис (регистри и собирање податоци на терен).* Станува збор за комбиниран методолошки пристап, каде што се земаат некои информации од регистрите, додека други информации за избраните варијабли се собираат преку операција на терен. Ова може да се направи со користење на пописни форми кои ги завршиле сите домаќинства на начин сличен на традиционалниот попис или преку ад хок анкети за примероци. Покрај прибирањето на информации за прашања кои не се опфатени во регистрите, податоците собрани во операција на терен може да се користат за да се оцени покриеноста и точноста на регистарот. Поради оваа причина, овој метод понекогаш се користи за премин од традиционален во целосен регистарски попис.

За наредниот Попис на населението, ДЗС најави примена на комбинираниот метод за начин на попишување и информираше за спроведените активности во врска со ова[10]. Во таа насока, преземени се следниве активности:

- Идентификувани се можните административни извори и исто така е проценета можноста за нивно користење во смисла на достапност, содржина и квалитет;
- Со цел да се утврди изворот, т.е. која институција е најсоодветна за одредени податоци, договорено е секоја од надлежните институции да обезбеди податоци од достапните бази на податоци;
- За да се заврши оваа активност, како почетни точки се користени воспоставените договори/меморандуми за соработка помеѓу ДЗС и надлежните институции;
- Направено е методолошко испитување на содржината на одделни административни извори (структурата на базите на податоци, описот на варијаблите, класификациите што се користат, усогласувањето на концептите од различни извори);
- Избрани се институции чии бази на податоци се вкрстени и на тој начин е формиран скелетот на претпописната статистичка база на податоци за населението.

**10 Средби со различни целни групи на тема Попис на населението, домаќинствата и становите, http://www.stat.gov.mk/Aktivnosti.aspx?rbra=262**

НОВИНАРСКА ТЕМА
НАТАЛИТЕТ
ИНФОРМАЦИИ
МЕДИУМИ
ПРИРОДЕН ПРИРАСТ
КРИТИКА
ЗАБАВА
ОБРАЗОВАНИЕ
ИНТЕГРАЦИЈА
ЕТИЧКАТА ПРИПАДНОСТ
ПРАШАЊА
НАЦИОНАЛНИ ПРИОРИТЕТИ
НАЦИОНАЛНА РЕГУЛАТИВА
ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА

## ПОПИСОТ КАКО НОВИНАРСКА ТЕМА

***Пописот е статистичка, а не политичка акција.*** Покрај тоа што нашето општество има низа сериозни демографски проблеми како, на пример: намалување на стапките на наталитет и природен прираст, демографско стареење, одлив на младо работоспособно население, поларизирање на просторната разместеност (поголема концентрација на населението во урбаните населби), раселување на дел од селските населби, итн., медиумите пишуваат само за етничкиот момент и проблемите околу тоа.

### Пример на наслови:

**ПОПИСОТ КАКО ПОЛЕ НА ПАРТИСКИ НАТПРЕВАР**
**http://www.megjutoa.mk/2014/07/popisot-kako-pole-na-partiski-natprevar/**
**ПОПИСОТ УШТЕ НЕЗАПОЧНАТ ГИ ЗОВРЕ СТРАСТИТЕ**
**http://inbox7.mk/archives/5624**
**МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА: Изјаснувањето на етничката припадност на пописот да биде задолжително**
**http://ripostmk.com/**

Пописот е атрактивна, дури и сензационалистичка тема. Преку пишувањето за попис новинарството може да ги исполни сите социјални функции што ги има[11], а тоа се: информирањето, артикулација со јавното мнение, „agenda setting“, критика и контрола на власта, забава, едукативната функција, интеграцијата.

- Информацијата – Преку информирање за пописот (начин на спроведување, проблеми, фази, средства) новинарството ги става на располагање на јавноста фактите за пописот и влијае врз јавноста за вистинското значење на овој процес и реалната одлука што секој поединец како потрошувач или политички субјект треба да ја донесе.
- Артикулацијата - Преку медиумите се разобличуваат одредени состојби и се актуелизираат проблемите. На пример, преку медиумите може да се актуелизира проблемот на големата миграција.
- Agenda setting - Од медиумите и новинарите зависи и на кои теми и настани ќе биде фокусирано вниманието на јавноста. Многу често, од волјата на новинарите зависи која тема ќе биде актуелизирана со тенденција да ги засени преостанатите збиднувања.
- Критиката и контролата – Новинарите треба да ја контролираат добрата пописна програма: како се спроведува пописот, дали имаме обучени попишувачи, колку се троши за пописот, дали државата е подготвена за комбиниран попис, дали

---

11 **Štefan Rus Mol, Ana Jugoslava Zagorac Keršer,** *Novinarstvo,* **Clio, 2005, стр.14-22.**


REC
MENU
WB
QUAL
ISO
1/50
Vision 10

доволно се консултира невладиниот сектор и други прашања. Џозеф Пулицер: „Многу злосторства, корупција, и неморал ќе бидат поотежнати ако постои страв од новинарите отколку страв од законот". „Новинарот истражувач има задача да ја осветли темната страна на моќта и на моќните да им стави на знаење дека злоупотребата на овластувањата е опасна. Иманентно на големиот продор на правната држава е слободната работа и истражување на новинарите, сè додека и тие самите не станат прекршители на законот." (Leyendecker)[12].

- Забавата – Пописните резултати даваат слика за многу интересни и забавни тенденции, на пример, кое лично име (женско или машко) е најчесто во нашето општество и низа други занимливости што се во прилог на забавата;
- Образованието - Во современото општество младите луѓе сè повеќе своето знаење го прошируваат со посредство на медиумите. Темата *попис* нуди многу едукативни содржини.
- Интеграцијата – Темата *попис* го поларизира, дезинтегрира македонското општество. Истакнувајќи ги другите многу позначајни аспекти на оваа база на податоци (економијата, работната сила, здравјето, развојот), општеството ќе се интегрира и ќе дебатира околу корисните нешта.

## ЕТИЧКАТА ПРИПАДНОСТ КАКО ПРАШАЊЕ НА ПОПИСОТ

Белезите што се прибираат преку пописот на населението, домаќинствата и становите, се утврдени со ,,Меѓународните препораки на ООН/Евростат за спроведување на пописите на населението и домувањето, околу 2020 година" и истите се поделени во две групи - главни и споредни.
Секоја земја-членка на ОН, заради меѓународна споредливост на податоците е должна да ги следи овие препораки и да обезбеди прибирање на главните белези, но не е од помала важност и утврдувањето на приоритети во прибирањето на податоците за национални потреби, т.е. што è треба на државата - ,,За да знаеме што ни треба, ние треба да знаеме што имаме". Најочигледен пример за тоа се белезите за етнокултурните каратеристики: етничката припадност, мајчинот јазик, јазикот што вообичаено се зборува во домаќинството и религиската припадност, кои според Препораките се незадолжителни или споредни белези. Меѓутоа, кај нас, присуството на овој белег (заради обезбедување континуитет со претходните пописи) и потребата од присуство на овој белег од национален интерес - се вклучени.

Прашањата (темите) што се главни (јадро) се сметаат за суштински заради обезбедување на клучните информации кои ги исполнуваат највисоките национални и локални кориснички барања. Споредни (несуштински) прашања се

12 Štefan Rus Mol, Ana Jugoslava Zagorac Keršer, *Novinarstvo,* Clio, 2005, стр. 18.

оние чиешто вклучување може да се смета за помалку важно. Тие се изборни, но во некои земји поради одредени околности некои од несуштинските прашања (теми) се подеднакво важни како главните теми.

Според Препораките од страна на ОН, потребата за податоци од попис на една земја со текот на времето ги одразува променливите околности, ставови и способности, а со тоа и границата помеѓу она што треба да се смета за „главно“ и „споредно“ за некои теми да можат да бидат предмет на национално толкување. Клучните теми се оние што се сметаат за основен интерес и вредност за земјите-членки на CES[13]. Се препорачува овие држави да ги покриваат тие теми во своите пописи на населението и пописи за домувањето во 2020 година. Несуштинските прашања (теми) земјите би можеле да ги изберат врз основа на нивните национални приоритети.

Задолжителните прашања за следната рунда пописи околу 2020 година вклучуваат:

1. Население на вообичаеното место на живеење (вклучувајќи привремено отсуство, со исклучок на привремено присутни лица);
2. Географска локација на живеалиштата и местата на работа;
3. Демографија: полот, возраста, брачниот статус, местото на раѓање, државјанството, статусот на миграција, датумите на пристигнување на мигрантите;
4. Домаќинства: составот и типот на домаќинството;
5. Економија: статус на активност, невработеност и вработување, професија и дејност;
6. Образование: достигнување и унапредување;
7. Живеалишта и згради: видот, годината на градба, просторот, бројот на соби, патници;
8. Статус на сопственост и на закупец;
9. Капацитети: вода, греење, тоалет, бањање.

Споредните прашања (теми) се во функција на опис на главните теми: на пр., за миграција, вработување, образование, извори на приходи, средства и трошоци на домаќинствата, карактеристики на живеалишта, итн.

Споредните (прашања) теми ги вклучуваат:

1. Етничката припадност;
2. Религијата;
3. Јазикот;
4. Попреченоста.

Во Европа, податоците за етничката припадност и религијата се вклучени само од страна на малцинство земји. Овие теми често се контроверзни, чувствителни и не се добро дефинирани. Прашањата за јазикот се чести и типични за земјите во кои се зборуваат повеќе јазици. Прашањата за попреченост се поставуваат ако другите извори на податоци за ова не се достапни.

Евростат не објавува податоци за етничката припадност или религијата, пред сѐ поради тоа што националните законодавства и практики во многу земји не дозволуваат собирање и дисеминација на информации

**13** **https://www.unece.org/info/ece-homepage.html**

за етничката припадност или религијата во статистиката. Според Евростат, етничката припадност е комплицирано прашање и дури тогаш кога статистиките се собрани, може погрешно да се споредуваат податоците.

## НАЦИОНАЛНА РЕГУЛАТИВА

Во препораките на Обединетите нации е нотирана и улогата на Владата во оваа активност. Постојат три области каде што владата игра улога во пописот. Таа обезбедува:

1. Правна рамка за спроведување на пописот;
2. Финансирање на пописот;
3. Логистичка поддршка за пописот.

За пописот се битни следниве документи: Законот за државна статистика[14], **Законот за попис; Програмата за статистички истражувања 2018 -2022, Стратегискиот план.**

14 Службен весник на Република Македонија“, бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013, 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18 и 220/18.



**ПРОГРАМАТА ЗА СТАТИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА 2018-20221 Е ПЕТТА ПЕТОГОДИШНА ПРОГРАМА ШТО СЕ ДОНЕСУВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА СТАТИСТИКА.**

ЦЕЛ ЗА ДОНЕСУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА Е ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КОНЗИСТЕНТЕН СИСТЕМ НА ПОДАТОЦИ НА ДРЖАВНАТА СТАТИСТИКА, ВРЗ БАЗА НА ЦВРСТО ПРОПИШАНИ НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ, КОЈ ЌЕ БИДЕ КОМПАТИБИЛЕН И СПОРЕДЛИВ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАТИСТИЧКИ СИСТЕМИ. ПРОГРАМАТА Е ИНТЕГРИРАЧКА ЗА СИТЕ ОВЛАСТЕНИ УЧЕСНИЦИ, ЗА ДА СЕ ОНЕВОЗМОЖИ ПРОДУЦИРАЊЕ НА ОФИЦИЈАЛНИ СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ НАДВОР ОД СИСТЕМОТ НА ДРЖАВНАТА СТАТИСТИКА.

ЦЕЛТА НА ПРОГРАМАТА Е ПРОДУЦИРАЊЕ СИСТЕМ НА КВАЛИТЕТНИ СТАТИСТИЧКИ ИНФОРМАЦИИ ШТО ЌЕ ГО ПОДДРЖАТ РАЗВОЈОТ НА ПАЗАРНАТА ЕКОНОМИЈА ВО ЗЕМЈАТА КАКО ОСНОВА ЗА: ДОНЕСУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТНИ ОДЛУКИ ВО СИТЕ СФЕРИ НА ЕКОНОМСКИТЕ, ОПШТЕСТВЕНИТЕ И ДРУГИ ДЕЈНОСТИ ОД СТРАНА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НАДЛЕЖНИТЕ МИНИСТЕРСТВА И ДРУГИТЕ ДРЖАВНИ ОРГАНИ;

» донесување на квалитетни одлуки од страна на менаџерите во приватниот сектор во анализата и планирањето на развојот на бизнисот;

» донесување на квалитетни одлуки од страна на менаџерите во јавниот сектор;

» поддршка на научните истражувања како носечки сегмент на развојот;

» континуитет на временските серии.

ЗАЕДНО СО ПРОГРАМАТА ЌЕ СЕ ОБЕЗБЕДАТ И СПОРЕДЛИВИ ПОДАТОЦИ ЗА:

» развојот на земјата, а поради потребата за споредба со другите земји во регионот, кандидатите за членки и членките на Европската унија како основа за приближување на Република Македонија кон Европската унија;

» процена на странските инвеститори за можностите и исплатливоста на инвестициите во сферите на нивниот интерес во Република Македонија;

» приближување на статистичкиот систем на Република Македонија со статистичкиот систем на Европската унија.

ПРОГРАМАТА ТРЕБА ДА ОБЕЗБЕДИ ПОДАТОЦИ И СО РЕГИОНАЛНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА:

» планирање на регионалниот развој на земјата;

» податоци за согледување на можностите за користење на средства од структурните фондови на Европската унија и тоа кога ќе бидат исполнети другите услови во земјата.



ПРОГРАМАТА ТРЕБА ДА ОБЕЗБЕДИ КВАЛИТЕТНИ СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ И ЗА НАЈШИРОКАТА ЈАВНОСТ ЗАРАДИ ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА НИВНИТЕ БАРАЊА (МЕДИУМИТЕ, СТУДЕНТИТЕ, УЧЕНИЦИТЕ И ДРУГИ).

## СТРАТЕГИСКИ ПЛАН

Основен документ со кој се уредуваат стратегиските приоритети на Државниот завод за статистика во периодот од 2019 до 2021 година е Стратегискиот план на Државниот завод за статистика, 2019 – 2021. Реализацијата на дефинираните програми и потпрограми треба да обезбеди: извршување на обврските на Државниот завод за статистика дефинирани во Програмата за статистички истражувања, 2018–2022 и реализирање на стратегиските приоритети на Владата на Република Македонија поврзани со интеграцијата на Република Македонија во ЕУ, односно реализирање на обврските од Националната програма за усвојување на европското законодавство (НПАА). При подготовката на Стратегискиот план, целосно се почитувани: Законот за државната статистика и Петгодишната програма за статистички истражувања, 2018–2022. Земени се предвид и релевантните документи од Европската комисија, со кои се дефинираат стратегиските приоритети на Европскиот статистички систем и според кои се следи прогресот на Државниот завод за статистика, како и препораките од партнерското оценување (Peer Review) на Европската комисија за напредокот во имплементацијата на Кодексот за работа на европската статистика и препораките од редовните годишни мисии на Евростат (Статистичка служба на Европската комисија) за оцена на напредокот на институцијата во однос на хармонизацијата со ЕУ-стандардите.

Официјалната статистика се продуцира во согласност со принципите за неутралност, стручна независност, објективност, рационалност и заштита на индивидуалните податоци.

Стратегиските цели и основните вредности се дефинирани во **Стратегискиот план, 2018-2020**, и според овој документ, визијата на Државниот завод за статистика е да биде препознаен како институција што обезбедува квалитетни, навремени и меѓународно споредливи статистички податоци.





НА 29 ЈАНУАРИ 2014 ГОДИНА, ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЈА ОДОБРИ ПРЕДЛОГ-РЕЗОЛУЦИЈАТА А/68/L.36 НАСЛОВЕНА ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ОФИЦИЈАЛНАТА СТАТИСТИКА ОНАКА КАКО ШТО ТИЕ БЕА ПРВИЧНО УСВОЕНИ ОД СТРАНА НА СТАТИСТИЧКАТА КОМИСИЈА ПРЕД 20 ГОДИНИ, ВО АПРИЛ 1994 ГОДИНА.

Принципите беа потврдени од страна на Статистичката комисија со нова преамбула во март 2013 година, а потоа и одобрени од страна на Економскиот и социјалниот совет на 24 јули 2013 година (Резолуција 2013/21). Со одобрувањето од страна на Генералното собрание на Обединетите нации, Основните принципи за првпат добиваат толку високо признание на глобално политичко ниво.

Основни принципи на официјалната статистика на Обединетите нации (ревидирана преамбула 2013) Економскиот и социјалниот совет, повикувајќи се на неодамнешните резолуции[1] на Генералното собрание и на Економскиот и социјалниот совет кои ја нагласуваат фундаменталната важност на официјалната статистика за националната и глобалната развојна агенда, имајќи ја предвид критичната улога на висококвалитетните статистички информации за правење анализи и носење одлуки врз основа на докази за поддршка на одржливиот развој, мирот и безбедноста, како и за меѓусебна размена на знаење и трговија помеѓу земјите и народите во светот, кој забрзано се поврзува барајќи отвореност и транспарентност.

Имајќи предвид, исто така, дека неопходната доверба на јавноста во интегритетот на официјалните статистички системи и довербата во статистиката во голем дел зависат од почитувањето на основните вредности и принципи кои се основата на секое општество кое сака да се разбере себеси и да ги почитува правата на своите припадници, и во овој контекст.

За да бидат ефективни, основните вредности и принципи кои го управуваат статистичкото работење *треба да бидат гарантирани со законски и институционални рамки и да бидат почитувани на сите политички нивоа и од сите засегнати страни во националните статистички системи*, ги одобрува Основните принципи на официјалната статистика дадени подолу, како што се усвоени од страна на Статистичката комисија во 1994[2] и потврдени во 2013 година, и ги препорачува понатаму за одобрување од страна на Генералното собрание.





**Принцип 1:**
Официјалните статистики обезбедуваат неопходен елемент во информатичкиот систем на едно демократско општество, услужувајќи ги владата, економијата и јавноста со податоци за економската, демографската, општествената состојба и состојбата со животната средина. За таа цел, официјалните статистики кои ќе го поминат тестот за практичност ќе се прибираат и ќе бидат непристрасно достапни од страна на официјалните статистички агенции во полза на правото на граѓаните на јавни информации.



**Принцип 2:**
За да се задржи довербата во официјалната статистика, статистичките агенции треба да одлучуваат во согласност со стриктно професионални размислувања, вклучувајќи и научни принципи и професионална етика, за методите и процедурите за прибирање, обработка, складирање и презентирање на статистичките податоци.

1 Вклучени се резолуцијата на Генералното собрание 64/267 за „Светскиот ден на статистиката“ и резолуциите на Економскиот и социјалниот совет 2006/6 за зајакнување на статистичкиот капацитет и 2005/13 за Програмата за попис на населението и домаќинствата во светот, 2010.

2 За оригиналната преамбула користена по повод првичното усвојување на Принципите во 1994 година, погледнете го извештајот на Статистичката комисија за нејзината специјална сесија (E/1994/29), Поглавје V, достапен на www.unstats.un.org/unsd/statcom/94report.pdf. Повеќе информации за Основните принципи и нивната историја можат да се најдат на www.unstats.un.org/unsd/dnss/gp/ fundprinciples.aspx.



**Принцип 3:**
За да се олесни точната интерпретација на податоците, статистичките агенции треба да ги презентираат информациите во согласност со научните стандарди за изворите, методите и процедурите на статистиките.



**Принцип 4:**
Статистичките агенции имаат право да коментираат погрешна интерпретација и злоупотреба на статистичките податоци.



**Принцип 5:**
Податоци за статистички цели може да се земаат од сите видови извори, без разлика дали се статистички истражувања или административни извори. Статистичките агенции треба да го изберат изворот земајќи ги предвид квалитетот, навременоста, трошоците и оптовареноста на давателите на податоци.



**Принцип 6:**
Индивидуалните податоци прибрани од страна на статистичките агенции за статистички збирки, без разлика дали се однесуваат на физички или на правни лица, треба да бидат стриктно доверливи и да се користат само за статистички цели.



**Принцип 7:**
Законите, регулативите и мерките според кои работат статистичките системи треба да бидат јавни.



**Принцип 8:**
Координацијата помеѓу статистичките агенции во земјите е важна за да се постигне доследност и ефикасност во статистичкиот систем.



**Принцип 9:**
Користењето на меѓународните концепти, класификации и методи од страна на статистичките агенции во секоја земја ги промовира доследноста и ефикасноста на статистичките системи на сите официјални нивоа.



**Принцип 10:**
Билатералната и мултилатералната соработка во статистиката придонесуваат за подобрување на системите на официјалната статистика во сите земји.

## НАЦИОНАЛНА СТАТИСТИЧКА АГЕНЦИЈА: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА (ДЗС)[15]

Државниот завод за статистика е стручна и самостојна организација во рамките на државната администрација во Република Северна Македонија. Основни функции на институцијата се: прибирање, обработка и дисеминација на статистичките податоци за демографските, социјалните и економските појави во македонското општество.

Државниот завод за статистика е основен носител и координатор на статистичкиот систем на земјата; тој е одговорна институција за меѓународната соработка во областа на статистиката, како и заради дефинирање на статистичките методологии и стандарди и заради обезбедување заштита на индивидуалните податоци што се прибираат од страна на индивидуалните лица и од страна на правните субјекти.

Стручно и советодавно тело на државната статистика е **Советот за статистика**. Членовите на Советот се наименувани од Собранието на Република Северна Македонија. Државниот завод за статистика е лоциран во Скопје и во институцијата работат 288 лица, 195 во Централниот завод и 93 лица во 8-те регионални одделенија. [16]

Својата работа ова тело ја базира на:

- Законот за државна статистика;
- Законот за попис;
- Кодексот за работа на европската статистика;
- Принципите на ОН.

Според препораките од страна на Обединетите нации, улогата на националното статистичко биро или статистичката агенција одговорна за пописниот потфат е да обезбеди успешна програма за попис која дава резултати за употреба во развојот, евалуацијата и истражувањето и донесувањето одлуки врз основа на докази. Така, статистичките канцеларии или статистичките агенции одговорни за пописот треба да ги водат следниве активности:

- Воспоставување на статистичко законодавство кое го задолжува преземањето на пописот;
- Поставување политика и стратегија преку дефинирање на целните резултати и резултати за програмата;
- Стратешки ангажман со засегнатите страни преку мобилизирање на учеството во владата, бизнисот и јавноста во целост;
- Подигнување на профилот и посветеноста кон користење на статистички информации; да обезбеди можност за ангажирање во клучните прашања за политиките и зајакнување на односите меѓу давателите на информации, креаторите на политиките и лидерите на јавното мислење;

---

15 http://www.stat.gov.mk/

16 Од јули 2017 година, Државниот завод за статистика го раководи Апостол Симовски кој за својата работа одговара пред Владата на Република Северна Македонија. Во согласност со Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, во декември 2015 година, донесена е новата организациска шема на институцијата.

- Да се почитуваат основните принципи на официјалната статистика и да се обезбеди најдобрата практика да е вградена во статистичките процедури;
- Усогласување со меѓународните стандарди и рамки;
- Воспоставување на статистичка инфраструктура и ресурси за преземање.

## Стратегиска комуникација на ДЗС со јавноста за време на пописот

Дали јавноста му верува на Државниот завод за статистика?

Државниот завод за статистика е мошне битна институција во нашето општество, која е високостручна и од чија работа зависи и развојот. Неопходно е оваа институција кај јавноста да изгради добар имиџ (тоа е начинот на кој јавноста ја доживува оваа институција) и идентитет (визуелната перцепција на заводот – видливоста). Ова се постигнува со стратегиска комуникација, а тоа е комуникација која го надминува PR системот и комуникација која треба да ја практикува Владата и другите јавни институции. Од почетокот на 2000 година започна тренд на спојување на различни единици во организациите/институциите во една организациона единица за комуникации (одделение, оддел, сектор), така што имаме спојување на одделението за човечките ресурси, IT-секторот, односите со јавност, маркетингот во еден голем оддел за комуникација. Ваквиот развој овозможува една институција да се приспособи на новото време, односно на секоја своја активност да  додаде комуникативна переспектива.[17]

Во односите со јавноста, кога се зборува за стратегија, се мисли на градење на однос со јавноста преку истражување и дијалог. Истражувањата на професорката по комуникациски науки од Универзитетот во Амстердам, Бетеке Ван Рулер, покажуваат дека „гледајќи од комуникациска перспектива на современата идеја за стратегијата како растечко и континуирано проверување на претпоставки, стратегијата претставува средство на непрестаен комуникациски процес во контекст на градењето на стратегијата.“[18]

Државниот завод за статистика во процесот на попишувањето со јавноста треба да биде:

- Видлив;
- Отворен;
- Транспарентен.

Дали е неопходна јавна кампања за проблемот Попис? И, дали ваквите кампањи се оправдани? Јавните кампањи имаат долга историја и нивната цел е информирање и мобилизирање на јавноста. Во Белата книга за европската комуникациска политика и Акцискиот план за подобрување на комуникацијата во Европа се нагласува дека

17 Jesper Falkheimer & Mats Heide, From Public Relations to Strategic Communication in Sweden The Emergence of a Transboundary Field of Knowledge, Nordicom Review 35 (2014) 2, pp. 123-138.

18 https://www.sc.edu/study/colleges_schools/cic/journalism_and_mass_communications/news/2017/pr_prose_strategic_communications.php#.XQFyyVwzblW


POPIS
(stanje 31. ožujka u 24

„комуникацијата помеѓу граѓаните и јавните институции е неопходна во секоја здрава демократија“. Но, владиното рекламирање мора да се темели на принципите добро управување, отвореност, партиципација, одговорност.
Најголема традиција овие кампањи имаат во САД. Тоа се сложени проекти фокусирани на различни подрачја: социјално, економско, политичко, и за постигнување на повеќе цели: промена на перцепцијата, размислувањето и однесувањето на поединците, групите, општеството.
Кампањите од јавен интерес се спроведуваат во интерес на јавноста – јавното добро и се насочени кон постигнување на нештото што е општествено добро и корисно, односно обработуваат јавни теми (public issues) и треба да обезбедат решение за одреден проблем во општеството. Но, за некоја тема која „заслужува“ за него јавно да се расправа, не зависи од организаторот (или нарачателот) на кампањата, туку таквиот статус го добива по нејзиното потврдување во јавна расправа. Притоа, централно прашање е кој ја дефинира јавната тема како проблем, кој потоа ќе доживее третман во кампањата. Неоспорно е дека тоа се оние со политичка, стопанска и општествена моќ, кои имаат извори на спроведување на кампањата, пристап до медиумите, иако кампањи водат и групи и организации со ограничени средства и пристап до медиумите. Тука клучна улога игра владата.[19]

**19 Види повеќе: Кампањи од јавен интерес на македонски начин: Информирање на граѓаните или политичка пропаганда?, Институт за комуникациски студии, Скопје, стр. 1.**

ИСТРАЖУВАЧКИ ПРИСТАП
ПОТРЕБА ОД КРИТИКА
СИСТЕМ
ДРЖАВЕН ИНТЕРЕС
КОНСУЛТАЦИИ
ДОСТАПНИ ИЗВВОРИ
ЕФЕКТИВНОСТ
МЕМОРАНДУМ
ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ
САМОИДЕНТИФИКАЦИЈА
ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ
ОДГОВОРНОСТ



## НОВИНАРОТ СО КОНТРОЛНО - ИСТРАЖУВАЧКИ ПРИСТАП КОН ПОПИСОТ

Наспроти очигледниот пораст на нивото на таблоидизацијата во медиумите има потреба од едно сериозно новинарство. Се релативизацираат (читај: политизираат) крупните аспекти на демократското општество, од човековите права, економската и политичката транзиција до релативизација на организираниот криминал. Истражувачкото новинарство треба да е наспроти овие состојби во медиумите. Ова новинарство не треба да се сфати само како потреба од критика, туку како длабок и аналитички пристап кон проблемите – во овој случај попис. Во најчесто цитираните дефиниции за истражувачкото новинарство се потенцира дека темата на обработка е негова суштинска карактеристика. Темата ПОПИС ги исполнува критериумите на важност и е од посебен интерес и значење за општеството[20].

Постои мислење дека истражувачкото новинарство треба да обработува теми за функционирањето на системот и да реконструира комплексни настани што влијаат на животот на обичниот човек. Значи, целта не е изолиран случај туку системски проблеми и ситуации од витално значење[21] како што всушност е овој процес.

Во своето општо значење Пописот се рангира како активност од висок државен интерес. Елементите на добрата пописна програма треба да се на постојано преиспитување, анализа и мониторинг на истражувачкиот новинар. Пописот е сложена операција и треба да се потпира на добра пописна програма, и тоа:

1. Консултации со граѓанското општество и креаторите на политиките на (централно и локално ниво-општините) на сите нивоа со корисниците на податоци, се од суштинско значење за развивање на добра програма за попис, релевантна анализа на податоци и споделување.
2. Пописот не е самостојно истражување, податоците добиени од попис се дел од статистичкиот систем на една земја. Економичниот дизајн на програмата за попис треба да ги земе во предвид сите достапни извори на податоци (административни податоци, други истражувања) за да се избегне преклопување и за да се создаде синергија.
3. Ефективност и економичност на процесот Традиционалните пописи се оспорени поради високата цена,

20 R. Keeble, *The Newspaper Handbook* , Routlege London and New York, 1994, стр 320

21 Fleeson L., *Ten Steps to Investigative Reporting*, International Centar for Journalists, Washington D.C., 2000, стр. 6.



бавната обработка на податоци и малата периодичност. Во нордиските земји, но и во Словенија, на пример, денешните пописи целосно се спроведуваат преку статистичка употреба на административни регистри. Треба да се исполнат важни предуслови: уникатни идентификатори (како ПИН-уреди за лица и станови /згради), платформи за размена на податоци, усогласени и ажурирани регистри. Анкетните интервјуа се повеќе се спроведуваат со помош на компјутерски техники (таблети, лаптопи, интернет) за да се забрза достапноста на податоците, да се подобри квалитетот на интервјуто и да се намалат трошоците.

За да се заврши оваа активност, како појдовни точки се користени воспоставените договори/ меморандуми за соработка помеѓу ДЗС и надлежните институции. Направено е методолошко испитување на содржината на одделни административни извори (структурата на базите на податоци, описот на варијаблите, класификациите што се користат, усогласувањето на концептите од различни извори). Како резултат на тоа се избрани институции чии бази на податоци се вкрстуваат и го формираат скелетот на претписната статистичка база на податоци за населението.

Изградба на претписна база на податоци и помошни (консултативни) бази на податоци

### Примарни

- Министерство за информатичко општество и администрација
- Министерство за внатрешни работи
- Агенција за катастар на недвижности
- Агенција за вработување
- Фонд за здравствено осигурување

### Секундарни

- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за образование и наука
- Централен регистар
- Управа за јавни приходи
- Министерство за здравство
- Министерство за надворешни работи

## 1. Почитување на човековите права

Се поставува прашањето која е поврзаноста на човековите права со пописот? Кои принципи и практики на пристап до податоци се во согласност со човековите права?

Креаторите на политиките, статистичарите или специјалистите за податоци (владини агенции или граѓански организации) и теоретичари треба да обезбедат почит, заштита и исполнување на човековите права во мерење и имплементација на Агенда 2030[22].

Формулирани се принципи, препораки и добри практики и тоа за:

- Учеството;
- Расчленувањето на податоци;
- Самоидентификацијата;
- Транспарентноста;
- Приватноста; и
- Одговорноста.

22 https://www.un.org/en/development/desa/population/migration/generalassembly/docs/globalcompact/A_RES_70_1_E.pdf

Активната вклученост (попишувачи) на засегнатите групи, особено на маргинализираните е значајно во целиот процес на собирање на податоците. Ова е важно  започнувајќи од стратешкото планирање преку идентификација на потребите за податоци, избор и тестирање на соодветна методологија за собирање, ангажирање на анкетари, до складирање на податоците, дисеминацијата, анализа и интерпретација.[23]

Процесот на донесување одлуки кои учесници ќе учествуваат треба да биде транспарентен. Граѓаните кои сакаат да учествуваат треба да бидат во можност да пристапат до релевантните институции.

Маргинализираните групи треба да бидат овластени не само во смисла на разбирање на процесот на собирање податоци, но и во користењето на добиените податоци.

Распределбата на податоците им овозможува на корисниците на податоци да ги споредуваат популационите групи и да ги разберат ситуациите на одредени групи.

Со расчленувањето се бара да се собираат податоци за релевантните карактеристики. Односно се преминува од традиционално собирање податоци и анализа, која се концентрира на националните просеци и ризици, кон обесправеноста, маргинализираноста и нееднаквоста помеѓу населението.

Распределбата на податоците се потпира на собирање на податоци за лични карактеристики (на пример, религија, пол) и други релевантни информации (на пр. локација).

Регистрација на лицето при раѓање е клучна компонента во правото секој да добие правен статус како личност пред законот. Всушност регистрацијата е основен чекор во генерирањето на овие податоци.[24] Темелен и прецизен систем на витални статистики (раѓања, смртни случаи, бракови и разводи) е од клучно значење за обезбедување на ажурирани проценки на населението на национално и на локално ниво и одржување на точни и ефективни рамки за земање примероци. Исто така овие витални статистики е од суштинско значење за остварување на други човекови права, како што се правата за образование, здравје и учество во јавните работи.

Во процесот на собирање на податоци лицата треба да имаат можност за откривање или пак задржување на некои информации за нивните лични карактеристики кои сметаат дека треба само за себе да ги задржат без притоа да бидат искористени за пошироки цели. Пописот не треба да создаде или пак да ја зголеми веќе постоечка дискриминација или стереотипи за група на население. Сите приговори кои овие групи е можно да ги поднесат, лицата кои ги прибираат податоците мора со особено внимание да пристапат.

Определувањето на идентитетите, како што е етничката припадност, може да вклучува објективни критериуми, како што е јазикот или местото на живеење, под услов да се воспостават заштитни мерки за заштита на

23 https://unstats.un.org/unsd/statcom/doc15/BG-Censuses.pdf
24 https://undocs.org/A/HRC/27/22

човековите права за да се спречи било каква навреда. Во некои контексти, примената на принципот на самоидентификација може да вклучи и категории на идентитет надвор од оние кои се сега наведени во меѓународните договори. Кога анкетата вклучува прашања за личниот идентитет, сите лица кои спроведуваат интервјуа треба да добијат обука за родова и културна свест. Таа обука треба да вклучи можни прашања од историско наследство, бидејќи се однесува на мнозинското и на малцинското население. Податоците треба да бидат достапни за јавноста. Што значи дека целокупниот процес на собирање податоци, истражување и методологија е јавен и достапен за секого во секое време. Всушност станува збор за правото на информација – основен атрибут на правото на изразување, слободата да се бараат, примаат и пренесуваат информации.[25] Принципот на транспарентност е во корелација со принципот на учество и принципот на одговорност.

Принципите на Обединетите нации наведуваат дека статистиката игра фундаментална улога во информативниот систем на демократското општество, во чест на правото на граѓаните за достапност на информациите од јавен карактер.[26] Податоците треба да се дисеминираат што е можно побрзо по собирањето. Податоците треба да бидат достапни на разбирлив јазик и формат, земајќи ги предвид инвалидитетот, јазикот, нивото на писменост и културното потекло.

Правото на приватност и правото на самоопределување се во корелација. Личните податоци, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на податоци за етничката припадност, сексуалната ориентација, родовиот идентитет или здравствениот статус, треба да се решаваат само со изрична согласност на засегнатото лице. Не е возможно да се навлегува во приватноста на човекот без разлика за што се наменети тие податоци и која е нивната цел.

Правото на приватност е човеково право кое гарантира доверливост и употреба на податоците собрани за да се произведат статистички информации исклучиво за статистички цели регулирани со закон.[27]

Меѓународниот пакт за граѓански и политички права нотира дека никој не смее да биде подложен на незаконско мешање во неговата приватност, дом или преписка, ниту пак на незаконски напади врз неговата чест и репутација. Секој има право на заштитата против таквото мешање или напади.[28]

На крај, како шести принцип е одговорноста. Во целокупниот процес, од  собирање на податоците, па се до нивна обработка и објава мора да се води сметка за човековите права, а додека пак државите и другите

25 https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/ccpr.aspx
26 https://undocs.org/A/RES/68/261
27 https://unstats.un.org/unsd/dnss/gp/Implementation_Guidelines_FINAL_without_edit.pdf
28 https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/ccpr.aspx

актери или ентитети понатаму водат сметка за прашањата кои се сензибилни и поврзани со нивното непочитување.

1. **Колку се троши за попис?** Во прегледот на пописот за 2010 година од Статистичкиот оддел на ОН и од Бирото за попис на населението во САД, пописниот трошок бил најчесто пријавен предизвик (67%). Додека земјите се стремат да ги исполнат барањата за навремено производство на високо квалитетни податоци од Попис, ќе треба да инвестираат во нови капацитети и технологии кои ќе ги овозможат тој квалитет. На пример, постепено се преминува кон зголемено користење на административните системи за податоци наместо традиционален попис. Во регионот на Европа и Централна Азија бројот на традиционалните пописи се намали од 30 до 24 земји помеѓу 2000 и 2010 година, додека бројот на пописите со користење на регистрите или комбинираните методологии се зголеми од 9 на 19 земји. Овој модалитет на попис е поодржлив, но транзицијата кон овој модел бара поголеми инвестиции.

*Примери за научен фокус (научни и стручни трудови) на резултатите од Пописот 2002 на Научниот собир одржан во МАНУ 2005, а објавени во зборникот под наслов:* Актуелни демографски движења во Република Македонија во светлоста на резултатите од пописот на населениетово 2002, Прилози од научниот собир одржан на 2 и 3 јуни 2005, МАНУ, Скопје 2007

Верица Јаневска, Апостол Симовски
***Особености на населението во Пелагонискиот и Полошкиот регион,*** стр.71

Сеадин Џафери
***Интензивирањето на емиграцијата од Република Македонија во контекст на европските миграциони трендови,*** стр 251

Весна Буцевска
***Економско-социјалниот развој и демографските движења во Југоисточна Европа,*** стр. 265

Коста Сотировски
***Статистичка анализа на стабилноста на семејството во Република Македонија во контекст на миграциони трендови,*** стр 309

Абдулменаф Беџети
***Демографската димензија на социо-економскиот развој на Република Македонија,*** стр 323

Амалија Јовановиќ
***Фертилното однесување на жените од различни етнички групи со оглед на образованието и економската активност,*** стр. 351

Ленче Мирчевска
***Следење на разликите во преваленцијата на***

***здравствените проблеми меѓу групите на население во Република Македонија со различен социо-економски статус***, стр. 397,

Катерина Станкова Нинова, Гордана Адамова, Марјан Стојовски, Глигор Тофовски
***Подобрување на достапноста за безбеден абортус – Препораки на светска здравствена организација,*** стр. 425

Мирјана Маџевиќ
***Карактеристики на фертилитетот на населението во Република Македонија,*** стр. 45

## ХИЕАРХИЈА НА КОМПЕТЕНТНОСТ

### Кого да интевјуирам?

Пописот е интердисциплинарен проблем тоа значи дека пред се е статистичка операција (Економски факултети), демографска проблематика (Демографски студии - ПМФ, УКИМ) потоа е економска проблематика (Економски факултети), Правна проблематика -Закон за попис, Закон за државна статистика, Стратешки план за попис, Национална програма (Правни факултети), Социолошка проблематика - Население, општество, популациона политика (Институти/факултети за социологија), Медицина - Планирање на семејство, статусот на жената и нејзината улога во демографските движења (Медицински факултети), Географија - просторната разместеност на населението (Институти/факултети за географија,). *Демографија* - Демографијата како наука ја анализира човековата популација со цел да ја опише, да ги утврди законитостите на нејзиниот развој. Истовремено таа го детерминира временскиот, просторен и реален процес и вклучувањето на популацијата во општеството и стопанството во кое живее. Во рамките на Природно – математичкиот факултет при УКИМ, се студии по демографија.[29]

На научниот собир во МАНУ одржан во 2005 на тема анализа на резултатите од Пописот оддржан 2002 година (Македонска академија на науките и уметностите) беа презентирани 28 научни трудови од следниве научни и други јавни институции:

- Економски факултет, УКИМ
- Правен факултет, УКИМ
- Филозофски факултет
- Природно математички факултет
- Економски факултет, Прилеп
- Педагошки факултет, Битола
- Факултет за општествени науки
- Економскиот институт, УКИМ
- Високата медицинска школа од Битола
- Институтот за социолошки и политички истражувања
- Државниот завод за статистика
- Агенцијата за иселеништво

*За истражувачкото новинарство*: Во прилог на објективноста на истражувачкото новинарство се потенцира закономерноста:

29 https://www.igeografija.mk/nasoka-Demografija/Demografija.htm



што повеќе информации - повеќе објективност, односно ставањето на еден настан во поширок општествен контекст секако дека помага во сфаќањето на појавите. Јавното новинарство, односно, можноста публиката да не биде пасивна туку да биде активен креатор на информации и аналитичар на истите, што се овозможува со онлајн медиумите, ја менува и класичната улога на новинарот. Сега, од новинарот се очекува повеќе отколку информирање, односно се очекува тој да ги интерпретира и толкува настаните.
Постои директна врска помеѓу истражувачкото новинарство, независното новинарство и нивото на професионалност на медиумите.
Во Република Македонија нема медиум кој има одделение за истражувачко новинарство.
Медиумите многу малку се занимаваат со теми кои не се на врвот на некоја политичка агенда и затоа постои опасност од политичко боење/артикулација на пописот.
Во сите поголеми редакции на светот во рамките на самиот медиум постојат посебни одделенија кои се занимаваат со истражувачко новинарство. Освен време и пари за потикнување на истражувачка работа потребни се идеи и знаење (потикнување и работа на унапредување на истражувачкото новинарство).
За едно квалитетно истражувачко новинарство потребни се високо професионални стандарди при истражувањето, затоа за развивање и подржување на овој тип на новинарство од круцијално значење е: едукација, истражувачки проекти, помош на редакциите, умрежување и поврзување на новинарите, соработка со организациите и мрежите на истражувачките новинари и објавување на публикации. Едукативната активност пред се треба да биде насочена кон младите новинари, кои немаат можност со редовна работа во редакциите да стекнат основни и напредни знаења за истражувачките техники туку како како највисок облик на новинарството им се пласираат сензационалистичките и таблоидните техники. Новинарите низ серија работилници се обучуваат за истражувачките методологии и техники, техниките на пристап до информации од јавно значење, новинарскате етика, правните аспекти на новинарството, за значајноста на информатичките познавања итн.
"Иако често изгледа поинаку и понатаму важи правилото дека новинарството постојано мора да истражува. Ако тоа не го стори ќе биде изманипулирано... Со истражувачкото новинарство ги означуваме темелните, долготрајни истражувања на чие располагање им стои цел репортерски тим. Обично, целта е да се открие скандал. Во САД тоа е веќе традиционално, таму е вообичаено сите дневни весници да го објавуваат "извештајот на истражувачот".
За разлика, во Германија, истражувањето најчесто е застапено во специјалните емисии - магазини и некои политички емисии на јавните медиуми."[30]

30 Štefan Rus Mol, Ana Jugoslava Zagorac Keršer, Novinarstvo, Clio, 2005, стр. 130

МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИ
ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ
СТАТИСТИЧКИ ОДДЕЛ
ФОНД ЗА НАСЕЛЕНИЕ
БИРО ЗА ПОПИС
МЕЃУНАРОДНИОТ КОМИТЕТ
ЕУРОСТАТ
ИНФОРМИРАНИ ОДЛУКИ
ПОТТИКНУВАЊЕ
ПРОМОВИРАЊЕ
ПОДОБРУВАЊЕ
ПОЧИТУВАЊЕ И ДОВЕРБА
НЕЗАВИСНОСТ
ИЗВОНРЕДНОСТ



## МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ПОПИС

### UN - Улогата на Обединетите нации

Обединетите нации се повикани да играат значајна улога во планирањето на кругот попси 2020 преку:

- Можности за земјите да разменуваат информации за нивните искуства од 2010 година;
- Промовирање на целиот спектар на можни пописни методи;
- Обезбедување насоки, што се соодветни за контекстите на земјите;

Избор на најсоодветни методи и опции  за технологија за користење;

### UNSD - Статистички оддел на Обединетите нации

Статистичкиот оддел на Обединетите нации[31] е посветен на унапредување на глобалниот статистички систем. Ги собира и шири глобалните статистички информации, развива стандарди и норми за статистичките активности и ги поддржува напорите на земјите за зајакнување на нивните национални статистички системи. Овој оддел ја олеснува координацијата на меѓународните статистички активности и го поддржува функционирањето на Статистичката комисија на Обединетите нации како врв ентитет на глобалниот статистички систем.

Главните функции на Секторот за статистика се: Собирање, обработка и дисеминација на статистички информации; Стандардизација на статистички методи, класификации и дефиниции; Развој на капацитети; Програма за техничка соработка; Координација на меѓународните статистички програми и активности.

За да ги извршува своите функции, Секторот за статистика обезбедува глобален центар за податоци за меѓународната трговија, националните сметки, енергијата, индустријата, животната средина и демографските и социјалните статистики собрани од национални и меѓународни извори. Исто така ги промовира меѓународните стандарди за методи, класификации и дефиниции кои ги користат националните агенции, помага на земјите-членки, на нивно барање, да ги подобрат своите статистички услуги преку советување и обука, координира меѓународни статистички програми и активности кои му се доверени на Одделението од страна на Статистичката комисија на Обединетите нации и Комитетот за координација на статистичките активности (CCSA), обезбедува влез и секретарска поддршка на Статистичката комисија на Обединетите нации, го олеснува процесот на следење и ревизија на Агендата за одржлив развој од 2030 година и ги промовира модерни

31 https://unstats.un.org/home/about/


UNFPA
Ensuring rights and choices for all since 1969
ICPD25
International Conference on
Population and Development

техники за геодетски и мапирање како алатка за раст и развој.
Одделението редовно ги објавува ажурирањата на податоците, вклучувајќи го Статистичкиот годишник и книгата за статистика на светот, како и книги и извештаи за статистички и статистички методи. Базите на податоци на Одделот се исто така достапни на оваа страница.

### UNFPA – Фонд за население на Обединетите нации

УНФПА[32] е агенција за сексуално и репродуктивно здравје на Обединетите нации. Мисијата на оваа агенција е да изгради свет во кој бременоста е посакувана, секое породување е безбедно и потенцијалот на секој млад човек е исполнет. Организацијата е создадена во 1969 година, истата година кога Генералното собрание на Обединетите нации објави дека „родителите имаат ексклузивно право слободно и одговорно да го одредат бројот и разликата на нивните деца“.
УНФПА ја поддржува: репродуктивната здравствена заштита на жените и младите во повеќе од 150 земји - во која живеат над 80 проценти од светското население; Здравјето на бремените жени, особено на 1 милион лица кои секојдневно се соочуваат со опасни по живот компликации; Сигурен пристап до современи контрацептиви доволни за да користат 20 милиони жени годишно; Обуката на илјадници здравствени работници за да се осигура дека најмалку 90 проценти од сите породувања се надгледувани од квалификувани службеници; Спречување на родово насилство, кое влијае на 1 од 3 жени; Напуштање на осакатување на женски гениталии, што им штети на 3 милиони девојчиња годишно; Спречување на тинејџерски бремености, од кои компликации се водечка причина за смрт кај девојчињата од 15 до 19 години; Напорите да се стави крај на детски брак, што би можело да влијае на околу 70 милиони девојчиња во текот на следните 5 години; Испорака на безбедни производи за раѓање, комплети за достоинство и други материјали за заштеда на живот за преживеаните од конфликт и природна катастрофа; Попис, собирање на податоци и анализи, кои се неопходни за планирање на развојот.
Агенцијата повикува на остварување на репродуктивните права за сите и го поддржува пристапот до широк спектар на услуги за сексуално и репродуктивно здравје - вклучувајќи доброволно планирање на семејството, здравствена нега на мајките и сеопфатно сексуално образование.

### USCB - Бирото за попис на населението на САД

Бирото за попис на населението во САД е централна институција на статистичкиот систем на САД. Ова биро е одговорно за производство на податоци за американскиот народ и економијата. Ова Биро е дел од Министерството за трговија на САД, а неговиот директор се назначува од

32 https://www.unfpa.org/about-us

претседателот на САД.[33] Од 1942 ова Биро се наоѓа во Суитланд, а има околу 4285 вработени. Бирото за попис на населението на САД го надгледува Администрацијата за економија и статистика (ECA) во рамките на Министерството за трговија. Администрацијата за економија и статистика обезбедува висококвалитетна економска анализа и ги потикнува мисиите на Бирото за опис на населениетто на САД и на Бирото за еконосмскии анализи.

Првичната мисија на Бирото за попис е спроведувањето на пописот на САД на секои десет години, со што се распределуваат местата на Претставничкиот дом на САД во државите врз основа на нивното население. Различните пописи и анкети на Бирото секоја година им помагаат да доделат повеќе од 400 милијарди американски долари во федералните фондови и им помага на државите, локалните заедници и бизнисите да носат информирани одлуки.[34] Информациите обезбедени од пописот ги информираат одлуките за тоа каде да се изградат и одржат училишта, болници, транспортна инфраструктура и полициски и противпожарни служби.

Во прилог на десетгодишниот попис, Бирото за попис постојано спроведува десетици други пописи и истражувања, вклучително и Анкетата за американската заедница, Економскиот попис на САД и Анкетата за тековното население. Понатаму, индикаторите за економска и надворешна трговија објавени од страна на сојузната влада обично содржат податоци кои ги произведува Бирото за попис.

## ICCC -Меѓународниот комитет за координација на попис

Меѓународниот комитет за координација на пописот (ICCC) е група основана за зајакнување на комуникацијата и координацијата помеѓу меѓународните и регионалните организации кои обезбедуваат поддршка за успешно спроведување на пописите за население и домување во земјите во развој. ICCC е формирана како одговор на Резолуцијата на Економскиот и социјален совет на Обединетите нации E / RES / 2015/10 за Светската програма за попис на население и домување 2020, која повика на “координирање на активностите меѓу засегнатите страни во помагањето на земјите-членки” и во признавање на зголемената важност на пописот на населението и домувањето како важен извор за обезбедување на дезагрегирани податоци потребни за мерење на напредокот на одржливиот развој од 2030 година.

Преку проактивен ангажман ICCC се обидува да ја насочи различната поддршка од мултилатералните и билатералните донатори, со цел да се зајакне на кохерентноста на поддршката. Фондот за население на Обединетите нации (UNFPA)[35], Статистичкиот оддел на Обединетите нации

33 https://www.census.gov/about/who.html
34 http://bnlconsulting.com/case-studies/census-steps
35 https://www.unfpa.org/

(UNSD)[36] и Бирото за попис на населението на САД (USCB) го сочинуваат заедничкото раководно тело на ICCC.

### Еуростат

Еуростат е статистичко биро на Европската унија, кое се наоѓа во Луксембург. Неговата мисија е да обезбеди квалитетни статистички податоци за Европа. Еуростат нуди цела низа важни и интересни податоци што владите, бизнисите, образовниот сектор, новинарите и јавноста можат да ги искористат за нивната работа и секојдневниот живот. Со развојот на политиките на Заедницата, улогата на Еуростат се промени. Денес, собирањето податоци и развојот на статистичките системи во земјите кандидати за членство во ЕУ се поважни од пред десет години.

Еуростат беше формиран во 1953 година за да ги исполни барањата на Заедницата за јаглен и челик. Со текот на годините функцијата се прошири и кога Европската заедница е основана во 1958 година стана генерален директорат (ГД) на Европската комисија. Денес, Еуростат е дел од портфолиото на Мариан Тисен, комесар за вработување, социјални работи, вештини и мобилност на трудот.

Клучната улога на Еуростат е да ги доставува статистиките до другите ГД и да ги доставува до Комисијата и другите европски институции податоци за да можат да ги дефинираат, имплементираат и анализираат политиките на Заедницата.

Додека ја исполнува својата мисија, Еуростат ги промовира следните вредности: почитување и доверба, поттикнување на извонредност, промовирање на иновации, ориентација на услугите, професионална независност. Во потрага по начини за постојано подобрување на своите производи и услуги, Еуростат во ноември 2016 година доби Европската организација за управување со квалитет “Посветеност кон извонредност”.

36 https://unstats.un.org/home/

ПРЕЦИЗНО НОВИНАРСТВО
РЕШЕНИЈА
НАУЧНО НОВИНАРСТВО
ПУБЛИКА
ОПШТЕСТВЕНА РЕАЛНОСТ
ДИНАМИКА
ПРОФЕСИОНАЛЕЦ
КОЈ, ШТО, КАДЕ, КОГА И КАКО
ЗОШТО И ШТО ПОНАТАМУ
ИНТЕРПРЕТАЦИЈА
УВИД
ОБЈАСНУВАЊА
МЕДИУМСКО ИЗРАЗУВАЊЕ
СОРАБОТКА



## ПОПИСОТ, ПРЕЦИЗНОТО И НОВИНАРСТВОТО ШТО НУДИ РЕШЕНИЈА (solution journalism)

Теоријата за прецизно новинарство го доближува новинарството до научната сериозност и длабочина. Оваа теорија е само еден од повеќето развиени концепти за професионалната улога на новинарството. Оваа идеја на теоретичарите, застапници на оваа теорија, доаѓа од идејата за максимална објективност во новинарските известувања, па се оди дури до таму тие да се научно засновани.  Според оваа теорија, новинарите треба да ги практикуваат единствено методите на емпириските општествени истражувања како единствен пат до висока објективност за општествените прашања.[37]

Ваквите ставови одат дотаму што се бара трансформирање на новинарството во научно новинарство. Од овој аспект на публиката треба да и се обезбедат новинарски известувања со квалитет кои всушност би претставувале анализа на општествените проблеми, движења и процеси. Целта би била откривање на причините и заднината на случувањата, а не само информирање за одредени фактички состојби. Секако дека е можно користењето на методите на општествените науки во новинарството, бидејќи и новинарството како и општествените науки ја истражува општествената реалност, со многу слични методи, секако модифицирани и приспособени на новинарската динамика. На пример, анкетата е еден од најкористените методи во новинарството, понатаму набљудувањето со учество, анализата на содржина и др.

### Solution journalism

Во оваа брошура посветена на новинарите и пописот потребно е да се акцентира потребата во нашата држава од интерпретативно новинарство или новинарство што нуди решенија (solution journalism). Овој тип на новинарство бара и соодветен однос на новинарите кон пописните резултати како база на податоци потребна во голем број на новинарски истражувања. На новинарите им треба статистика, особено на solution journalism или на интерпретативното новинарство.

Во воведот на книгата *Статистика за бизнис и економија*[38] се вели ...

37 **Филип Мејер прецизното новинарство го разбира како научно новинарство: “новинарството да се третира како наука, приспособувајќи ги научните методи, научната објективност и научните идеи кон целокупниот процес на комуникацијата”. Истиот автор инсистира на експресно трансформирање на новинарството во наука. Мек Комбс истакнува “ако треба прецизно да се определи, новинарството е накусо, адаптација на техниките на набљудување на општествените науки – анкетата, анализата на содржина, набљудувањето преку учествување, теренските експерименти – се до прибирањето на информациите”.**

38 **Пол Њуболт, Вилијам Л,Карлосон, Бети Торн, Статистика за бизнис и економија, Магор, 2010, стр 1**


UNFPA

„Во ерата на информации светот изобилува со податоци. Статиите во весниците и телевизиските репортажи содржат изјави од типот „Просечниот Дау-Џонс индекс денес падна за 6 поени“ или „Индексот на цени на мало порасна за 0,8% минатиот месец“ или „Последното истражување покажа дека рејтингот на претседателот сега изнесува 63%“ или 98% од пациентите опфатени со клиничкото истражување не покажале некои позначајни нус ефекти на новиот лек против ракот ... Се повеќе станува практика дека за да се добие интелегентна проценка на современите движења потребно е да апсорбираме и толкуваме значаен обем на податоци “

За овој тип на новинарство почнува да се зборува уште во триесетите години на дваесетиот век за новиот начин на обработка на темите почнува да се зборува во стручните кругови[39]. Тоа се поклопува со времето кога печатот со аналитичкиот и интерпретативен пристап се брани од конкуренцијата на радиото. Идентичен пораст на интерпретативното новинарство се случува и во 50-тите години на 20 век, како реакција на старите медиуми (печатот и радиото) на продорот на телевизијата.[40]

„Новинарството е дејност во која новинарите на читателите, на слушателите и на гледачите им презентираат актуелни настани - одговарајќи на прашањата *кој, што, каде, кога и како* - обидувајќи се да ги сместат во кординатите на нивното причинско-последично значење. Новинарот е професионалец кој ги собрал сите достапни факти, ги опишува и анализира настаните (појавите, луѓето) настојувајќи што повеќе и подобро да и протолкува на публиката“[41].

Ваквиот начин на определување на новинарството повеќе е на сметка на класичните фактографски облици на известување во кои се нуди одговорот на прашањата: *кој, што, каде, кога и како* без понатамошна интерпретација.

Историјата на новинарството ја потврдува хипотезата дека големите, кризни општествени ситуации, биле и се, исклучително погодно тло за квантитативен и квалитативен пораст на интерпретацијата во медиумите.

Интерпретацијата е журналистичка постапка во која новинарот, по повод одреден настан, во настојување да ја протолкува појавата од која настанот е дел, одговара на пет основни прашања

1. *кој,*
2. *каде,*
3. *што,*
4. *кога* и
5. *како*

и на две дополнителни прашања

6. *зошто* и
7. *што понатаму*

39 Прв вистински замав интерпретативното новинарство во 20 век е во САД по Првата светска војна Мејнар Браун (Maynard Brown) во својата докторска дисертација прв ја забележува оваа појава.

40 “Во печатот како одговор на компаративната предност на електронските медиуми (звукот и сликата) започнува да се негува подлабок, аналитички пристап во обработка на настаните и појавите. Се оди од фактографско известување кон форми што изразуваат гледишта, внесуваат елементи на human interest story и по социологија. Нешто слично се случува и денес со класичната телевизија“.

41 Neda Todorović, Novinarstvo, Čigoja štampa, Београд, 2002 стр. 12

Одговорот на овие прашања (5 и 6) е додавање на нови факти што не мора да бидат врзани за настанот што бил повод, а до кои дошол со длабоко истражување.
Во интерпретацијата, новинарот не ги изнесува сопствените ставови, туку настанот го става во поширок контекст на неговото значење со што на читателот, гледачот или слушателот му дава на увид додатни податоци или туѓи објаснувања што ќе му помогнат да сфати за што всушност се работи.
Процесот на новинарска интерпретација се состои од три етапи.
Првата етапа е *истражувањето* односно трагањето за задднината на настанот чија цел е одговор на прашањата *кој, што, каде, кога* и *како.*
Втората етапа е *анализата* односно сместувањето на настанот во поширок општествен контекст и одговор на прашањето *зошто.*
Укажувањето на понатамошниот развој на настанот т.е *предвидувањето* ја чини третата етапа и одговара на прашањето *што понатаму.* Дури и површниот преглед на актуелниот, дневен, а пред се на периодичниот “сериозен“ информативен печат како и на информативно-документарните програми на радиото и телевизијата укажува на тенденцијата на понатамошно стеснување на просторот и времето посветени на класичното чисто фактографско медиумско изразување односно зголемување на просторот и времето посветено на аналитичките интерпретативни содржини.
Современите весници стануваат претесни за сите широки експликации, интерпретации, како резултат на тоа се печатат бројни специјални додатоци, обемни фељтони, посебни издатоци, посветени само на една исклучително значајна и тиражно атрактивна тема која во даден момент го привлекува вниманието на јавноста.
Се ангажираат новинари специјалисти, но и експерти од разни профили, културни и јавни работници, политичари, еколози, полицајци, приватни детективи. Интерпретативното новинарство, со помош на најразличните методи на истражувачкиот журнализам, му конкурира и на делувањето на официјалните органи кои споро доаѓаат до проверена официјална верзија.
Површен преглед на актуелниот дневен, пред сé периодичниот “сериозен“ информативно - политички печат, како и информативните и документарни програми на радиото и телевизијата, укажува на тенденцијата за понатамошно стеснување на просторот и времето посветено на класичните фактографски облици на медиумското изразување, односно зголемување на просторот и времето посветени на аналитичките интерпретативни содржини.
За соработка во таквите подвизи се ангажираат новинари специјалисти и експерти од различни области, културни и јавни работници, политичари еколози, полицајци, приватни детективи. Повторно се проучува историјата, се отвораат, тајни архиви, полициски досиеа на граѓаните, се трага по документи, сведоци, учесници. Неизбежната демократизација на медиумите, колку и да е спора, резултира со истражување на т.н табу теми со преиспитување и нова обработка на неразјаснетите настани. Дури се смета дека интерпретативното новинарство со помош на различните методи на истражувањето е одговор и на неефикасното делување на официјалните органи кои споро доаѓаат до проверена официјална верзија.

МП
ПС ...има решение!

МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА
ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА